ОДУ број 911/19
ИЗВОД

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**НОТАР**
**Ана Брашнарска**
за подрачјето на основните судови
на градот Скопје
ул.Македонија бр. 31/1-3

Во Скопје, на 17.06.2019 (седумнаесетти јуни две илјади и деветнаесетта) година
Во 11:00 (единаесет) часот

# НОТАРСКИ АКТ

Јас, Нотар Ана Брашнарска од Скопје, со службено седиште на ул. Македонија бр.31/1-3, потврдувам дека денес на 17 (седумнаесетти) јуни 2019 (две илјади и деветнаесетта) година на Писмена покана од **Универзална Инвестициона Банка АД Скопје (прилог А на овој записник)**, да присуствувам на Редовната годишна седница на Собранието на акционери на ден 17 (седумнаесетти) јуни 2019 (две илјади и деветнаесетта) година, со почеток во 11:00 (единаесет) часот, на ул. "Максим Горки" бр. 6, во деловните простории на банката, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријат и член 384, 385, 386 и 407 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврдам Одлуки на редовното годишно Собрание на Банката, поради што го сочинив следниот---------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------**З А П И С Н И К**-------------------------------------------------------

---------------------------Од Редовна годишна седница на Собрание на акционери на-----------------

**-------------------------------УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД Скопје--------------------**

Пред отпочнување на службеното дејствие на мое барање ми беа предочени:---------

- Тековната состојба за **Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**, со седиште на ул. "Максим Горки" бр. 6 Скопје, со **ЕМБС 4646088,** запишана во единствениот трговски регистар на Централниот регистар на РСМ, издадена од Централен регистар на РСМ под број 0805-50/150020190410513 од 17.06.2019 година. (прилог Б на овој записник)-----------------------

- Согласно Потврдата ЦДХВ број 08-2980/2 од 17.06.2019 година од Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје и Изводот од Акционерска Книга на Банката издадена на ден 17.06.2019 година од Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води под ISIN: MKBLBA101011, (прилози В и Г на овој Записник), Издавачот **Универзална Инвестициона Банка АД Скопје** издало Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 МКД (илјададенари), со вкупен број на ХВ: 545987, со вкупен номинален капитал од 545987000 МКД, број на гласови 545987, состојба-Активен, број на иматели 382, со број на сопственички позиции 443 согласно акционерската книга издадена на ден 17.06.2019 година од Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води под ISIN: MKBLBA101011, која е прилог на овој Записник.------------------------------------------------------------

ОДУ број 911/19
ИЗВОД

Од увидот во Акционерска книга, утврдив дека акционери на Банката се физички лица и правни лица.------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието е свикана согласно одредбите од Статутот на Банката и на начин определен во член 387 од Законот за трговски друштва, со повик во дневен печат-СЛОБОДЕН ПЕЧАТ од 17.05.2019 (седумнаесетти мај две илјади и деветнаесетта) прилог Д на овој записник.------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 11:00 (единаесет) часот.------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарот го провери Списокот на пријавени и присутни акционери и нивните застапници и полномошници, го спореди со Акционерската книга, согласно член 391 став 3 од Законот за трговски друштва, по што секој од присутните акционери за себе лично и/или како полномошник го потпиша Списокот, со што го верификува своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието), кој список е прилог Ѓ на овој Записник.---------------------

Претседавачот на собранието констатираше дека на денешното собрание се присутни следните акционери:------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија, Р. Бугарија сопственик на 198.994 обични акции со право на глас застапувано од полномошникот Арнаудова Ана од Скопје, со уредно Овластување (**прилог Е на овој записник**)------------------------------------------------------------------

2. Цеко Тодоров Минев од Софија, Р. Бугарија сопственик на 198.994 обични акции со право на глас застапувано од полномошникот Арнаудова Ана од Скопје, со уредно Овластување (**прилог Ж на овој записник**)------------------------------------------------------------------------------------------------------

3. Александар Талимџиоски од Скопје, со живеалиште на ул. Мит. Теодосиј Гологанов бр. 112/1-37, со ЕМБГ 1706981440025 и број на лична карта А1988468 издадена од МВР Скопје, сопственик на 556 обични акции со право на глас------------------------------------------------------------------

4. Дарко Стојков од Скопје, со живеалиште на ул. Дебарца бр. 43-14, со ЕМБГ 1711976450067 и број на лична карта А1656292 издадена од МВР Скопје, сопственик на 600 обични акции со право на глас------------------------------------------------------------------------------------------------------

5. Моме Веселиновски од Скопје, со живеалиште на ул. П. Филиповски-Гарката бр. 16, со ЕМБГ 0109965450027 и број на лична карта А2235721 издадена од МВР Скопје, сопственик на 95 обични акции со право на глас------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од извештајот од бројачот на гласови се констатира дека на собранието се присутни акционери кои поседуваат вкупно 399.239 обични акции со право на глас, од вкупно 545.987 обични акции со право на глас согласно акционерската книга, што претставува 73.12 % од вкупниот број на обични акции со право на глас, со што претседавачот на Собранието констатираше дека Собранието има потребен кворум за работа и истото полноважно може да донесува одлуки по сите точки од дневниот ред, согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Банката.------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори Претседавачот од претходното Собрание Ана Арнаудова и воедно ги поздрави сите присутни акционери, членови на Управниот одбор и останати присутни, кој за работа на Собранието го предложи на усвојување следниот:------------------------------------------

ОДУ број 911/19
ИЗВОД

------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------ **Д Н Е В Е Н   Р Е Д** ------------------------------------------------

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**------------------------------------------------------------------------------------------

1. Отварање на собранието------------------------------------------------------------------------------------
2. Избор на работни тела на собранието----------------------------------------------------------------------
   - избор на Претседавач на собранието-------------------------------------------------------------------
   - избор на бројач на гласови------------------------------------------------------------------------------
   - избор на записничар---------------------------------------------------------------------------------------

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**------------------------------------------------------------------------------------------------

1. **Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона банка АД Скопје за 2018 година со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор, и Предлог Одлука за усвојување на извештајот.**--------------------------------------------
2. **Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2018 година, од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС Скопје, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот;**-------------------------------------------------
3. **Разгледување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2018 година, со Предлог Одлука за усвојување;**--------------------------------------
4. **Предлог Одлука за употреба и распоредување на остварена добивка за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година;**------------------------------------------------------
5. **Разгледување на Извештај за работење на Надзорниот Одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2018 година, со Предлог Одлука за одобрување на извештајот;**-----------------------------------------------------------------------------------------------
6. **Предлог Одлука за именување на Друштвото за ревизија кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2019 година.**---------
7. **Предлог Одлука за измени и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;**-----------------------------------------------------------------------
8. **Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на перпетуална обврзница**-----

Предложениот Дневен ред беше ставен на усвојување. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложениот Дневен ред е едногласно усвоен. За предлогот ЗА гласаа 399.239 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на втората точка од Процедуралниот дел на Дневниот ред, Избор на работни тела-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Избор на претседавач на собранието----------------------------------------------------------------------

За збор се јави Г-дин Робертино Николовски со предлог за Претседавач на Собранието да биде избрана Арнаудова Ана, како полномошник на акционерите Г-ин Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија, Р. Бугарија и Г-ин Цеко Тодоров Минев од Софија, Р. Бугарија. Откако никој друг не стави нов предлог и не се јави за збор, ваквиот Предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројувањето на гласовите Претседавачот констатира дека предлогот е едногласно усвоен.--------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ОДУ број 911/19
ИЗВОД

За предлогот ЗА гласаа 399.239 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема------------------------
Потврдувам дека за Претседавач на Собранието е избрана Арнаудова Ана.------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието се заблагодари на акционерите за укажаната доверба и продолжи со водењето на седницата на собранието односно со **Избор на бројач на гласови-** Претседавачот за бројач на гласови го предложи Ѕвонко Станковски.--------------------------------
Откако никој немаше прашање или друг да се јави за збор, Претседавачот на Собранието ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. За предлогот ЗА гласаа 399.239 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека за бројач на гласови е избран Ѕвонко Станковски.-----------------------------------
Претседавачот на Собранието констатира дека за бројач на гласови е избран едногласно Ѕвонко Станковски и го задолжи да изготви писмен Извештај за кворумот за работа на Собранието. Бројачот на гласови Ѕвонко Станковски по кратка пауза го објави бројот на присутните акционери, врз основа на Писмен извештај, кој е прилог на овој Записник. Ѕвонко Станковски истакна дека Банката има вкупен број на акции со право на глас во износ од 545.987, а на оваа седница на Собранието на акционери присутни се акционери со вкупен број на акции со право на глас 399.239 што претставува 73,12 % од вкупниот број на акции со право на глас и дека Собранието има потребен кворум за работа и одлучување.--------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на Избор на записничар и заверувачи на записник-----------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието истакна дека на оваа седница на Собранието е присутен Нотар Ана Брашнарска од Скопје, одреден по службена должност од Управниот одбор на банката, која ќе го води Записникот од оваа седница на Собрание, така што согласно Законот за трговски друштва кога записникот го води Нотар нема потреба од избор на заверувачи на записникот.--------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на II.Работен дел-----------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Се премина на **Првата точка од Работниот дел на Дневниот ред - Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона банка АД Скопје за 2018 година со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор, и Предлог Одлука за усвојување на извештајот.**---------------------------------------------------------------------

Претседавачот по оваа точка на дневниот ред односно, **Разгледување на Извештајот за работењето на Универзална Инвестициона банка АД Скопје за 2018 година со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор, и Предлог Одлука за усвојување на извештајот** отвори расправа и праша дали некој сака да земе збор. Како никој немаше прашање или друг да се јави за збор, Претседавачот на собранието, Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Универзална Инвестициона банка АД Скопје за 2018 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. Одлуката е усвоена. За

ОДУ број 911/19
ИЗВОД

предлог-одлуката ЗА гласаа 399.239 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.** Се премина на **Втората точка од Работниот дел на Дневниот ред-** Разгледување **на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2018 година, од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС Скопје, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот;**-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот по оваа точка на дневниот ред односно по Предлог Одлуката **за усвојување на извештајот** од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2018 година, од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС Скопје, отвори расправа и праша дали некој сака да земе збор. Откако никој немаше прашање или друг да се јави за збор, Претседавачот на Собранието, Одлуката **за усвојување на извештајот** од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2018 година, од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС Скопје, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Одлуката е усвоена. За предлог-одлуката ЗА гласаа 399.239 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**3.** Се премина на **Третата точка од Работниот дел на Дневниот ред-** Разгледување **на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2018 година, со Предлог Одлука за усвојување;**----------------------------------------------------------------------------

Претседавачот по оваа точка на дневниот ред односно по Предлог Одлуката за **усвојување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2018 година**, отвори расправа и праша дали некој сака да земе збор. Откако никој немаше прашање или друг да се јави за збор, Претседавачот на Собранието, Одлуката за **усвојување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2018 година**, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Одлуката е усвоена. За предлог-одлуката ЗА гласаа 399.239 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------------------------------------------------

**4.** Се премина на **Четвртата точка од Работниот дел на Дневниот ред- Предлог Одлука за употреба и распоредување на остварена добивка за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година;**--------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот по оваа точка на дневниот ред односно по Предлог Одлуката **за употреба и распоредување на остварена добивка за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година**, отвори расправа и праша дали некој сака да земе збор. За збор се јавија присутните акционери Александар Талимџиоски, Дарко Стојков и Моме Веселиновски со предлог за исплата на дивиденда заради зголемување на пазарната вредност на акцијата и побараа предлогот да биде доставен до менаџментот заради разгледување на истиот.---------

Откако никој немаше прашање или друг да се јави за збор, Претседавачот на Собранието, Одлуката **за употреба и распоредување на остварена добивка за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година**, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Одлуката е усвоена. За предлог-

ОДУ број 911/19
ИЗВОД

одлуката ЗА гласаа 399.239 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5.** Се премина на **Петтата точка од Работниот дел на Дневниот ред- Разгледување на Извештај за работење на Надзорниот Одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2018 година, со Предлог Одлука за одобрување на извештајот;---------------------**

Претседавачот по оваа точка на дневниот ред односно по Предлог Одлуката за одобрување на Извештајот за работење на Надзорниот Одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2018 година, отвори расправа и праша дали некој сака да земе збор. Откако никој немаше прашање или друг да се јави за збор, Претседавачот на Собранието, Одлуката **за** одобрување на Извештајот за работење на Надзорниот Одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2018 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Одлуката е усвоена. За предлог-одлуката ЗА гласаа 399.239 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**6.** Се премина на **Шестата точка од Работниот дел на Дневниот ред- Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2019 година;---------------------------------------**

Претседавачот по оваа точка на дневниот ред односно по Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2019 година, отвори расправа и праша дали некој сака да земе збор. Откако никој немаше прашање или друг да се јави за збор, Претседавачот на Собранието, Одлуката за именување на Друштво за ревизија кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2019 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Одлуката е усвоена. За предлог-одлуката ЗА гласаа 399.239 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**7.** Се премина на **Седмата точка од Работниот дел на Дневниот ред- Предлог Одлука за измени и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;--------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

Претседавачот по оваа точка на дневниот ред односно по Предлог Одлука за измени и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, отвори расправа и праша дали некој сака да земе збор. Откако никој немаше прашање или друг да се јави за збор, Претседавачот на Собранието, Одлуката за измени и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Одлуката е усвоена. За предлог-одлуката ЗА гласаа 399.239 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**8.** Се премина на **Осмата точка од Работниот дел на Дневниот ред- Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на перпетуална обврзница;-------------------------**

Претседавачот по оваа точка на дневниот ред односно, по Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на перпетуална обврзница, отвори расправа и праша дали некој сака

ОДУ број 911/19
ИЗВОД

да земе збор. Откако никој немаше прашање или друг да се јави за збор, Претседавачот на Собранието, Одлуката за исплата на камата на имателите на перпетуална обврзница, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Одлуката е усвоена. За предлог-одлуката ЗА гласаа 399.239 гласа, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По исцрпувањето на сите точки од дневниот ред претседавачот праша дали некој се јавува за збор и бидејќи никој не се јави за збор констатира дека сите точки од денешното собрание се исцрпени и се заблагодари на присутните за нивното присутво.-----------------------

Седницата на собранието заврши во 13,00 часот.-----------------------------------------------

Потврдувам дека овој записник лично го составив на 7 (седум) страници од 7 (седум) листа, го следев целокупниот тек на седницата на Собранието на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата на Собранието на акционери, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот на Собранието кој раководеше со седницата на Собранието потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на прифаќање и согласност со неговата содржина своерачно го потпиша.-----------------------------------------------------------------

**Претседавач на Собранието на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**-----------------

**Арнаудова Ана,с.р.**-----------------------------------------------------------------------------------------------

При составувањето на овој нотарски акт-Записник се издадени изводи еден за учесникот **Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**, еден за упис во Трговскиот регистар, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.------------------------------------------------------

Нотарската награда по член 41 од Нотарска тарифа е пресметана во износ од 10.000,00 денари.------------------------------------------------------------------------------------------------

**ОДУ бр. 911/2019**------------------------------------------------------------------------------------------------

Скопје, 17.06.2019 (седумнаесетти јуни две илјади и деветнаесетта) година------------------------

Ова е прв потполн извод идентичен со изворникот и се издава за **Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**.--------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР**
**АНА БРАШНАРСКА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНА БРАШНАРСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНА
БРАШНАРСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНА
БРАШНАРСКА
СКОПЈЕ